# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, 23.4.2021 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/2019 и 14/2020), член 11 став (4) од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 142/2016, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019), член 7 став (4) од Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/03, 15/07, 20/12, 156/16, 157/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.6/20 и 279/20), Шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија бр. 08-3205/1 од 21.10.2015 година, Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија бр.08-328/1 од 08.02.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија 08-219/1 од 29.06.2017 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија 08-1023/1 од 06.03.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија 08-1023/7 од 17.05.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија 08-2051/8 од 18.09.2019 година и тоа:

Во делот „Опис на работните места во Канцеларијата“, во работното место со реден број 57, Шифра УПР0101Б02000, Ниво Б2, Звање Раководител на сектор, Назив на работно место Раководител на сектор за поддршка на домашна економија во делот Вид на образование, зборовите „правни науки“ се заменуваат со зборот: „Електротехника“, додека во делот „Работни задачи и обврски“, по точката 9 се додаваат четири нови точки кои гласат:

- Го анализира секторот електротехника (електроенергетика, електроника, телекомуникации, информатичко-комуникациски технологии) од аспект на географска локација на организациите и работниците, актуелните капацитети како и потребните занимања во насока на давање на предлози за развој на нови или дополнување на постојните стандарди на занимања и стандарди на квалификации.

- Иницира врска за размена на искуства помеѓу домшаните компании од секторот електротехника како и меѓу останатите сектори, а во насока на подобрување на работењето преку автоматизација и модернизација на работните процеси.
- Анализа на клучните трендови, развој и двигатели во самиот сектор електротехника (електроенергетика, електроника, телекомуникации, информатичко-комуникациски технологии).
- Дава предлози за зголемување на конкурентноста на домашните компании од секторот електротехника на странскиот пазар.

Точката 10 станува точка 14.

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 08-2689/1

23.4.2021 година

Шеф на Канцеларијата на претседателот
на Владата на Република Северна
Македонија

Мирјана Јанева